Министерство за образование и наука
Република Македонија

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 16.01.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 22 | 91 | 1 | |

**Министерство за образование и наука**

Бр. 20-7975/2-11
13-01-2012 год

Мито Хаџивасилев Јасмин б.б,
1000 Скопје,
**Република Македонија**

Тел. (02) 3117896
Факс: (02) 3118414

Сајт: **www.mon.gov.mk**

ISO 9001:2008

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Македонија“ бр. 12/3
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Известување
ВРСКА: Ваш бр. 22–176/69 од 14.12.2011 година

Почитувани,

Министерството за образование и наука, надлежно за работите на високото образование, со внимание го разгледа Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Финансирање на високото образование на јавните универзитети за периодот 2008–2010 година“.

Во прилог на наведените цели на ревизијата, Министерството за образование и наука, ви ги доставуваме следните забелешки и тоа:

1. Во однос на препорака „Министерството за образование и наука и јавните универзитети да обезбедат систем на внатрешна контрола за следење на наменското користење на средствата стекнати од партиципација и кофинансирање, да ги констатираат причините за непостапување на законската одредба за нивна употреба во висина од 40% за фундаментални и применети научни истражувања, осовременување на научно–истражувачката инфраструктура, за оспособување и усовршување на кадрите за научно-истражувачка работа, како и за инвестиции и инвестициско одржување.“

Во врска со оваа препорака напоменуваме дека согласно член 54 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, во случајот на јавните универзитети, до Собранието на Република Македонија, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот. Имајќи предвид дека согласно член 4 од Законот за високото образование, дејноста на високообразовните установи е од јавен интерес, со извештајот во рамки на отчетот пред основачот, ректорот поднесува извештај и за располагањето со финансиските средства.

Извештаите за работата на ректорите на јавните универзитети не биле предмет на ревизија заради што со ревизорскиот извештај е ускратена можноста за добивање на

поцелосна и пореална претстава за отчетноста за работењето на јавните универзитети и истите не се земени предвид при давањето на препораките за подобрување на начинот на финансирањето на јавното високо образование.

2. Во врска со наодите 1.1, 1.2, 1.3, 3.1, 3.2 ве известуваме:

МОН во изминатиот период превзема мерки за формирање на Советот за развој и финасирање на високото образование за што ви беа презентирани неколку докази во текот на извршување на ревизијата. Со оглед на фактот што согласно член 82 од Законот за високото образование, членовите на Советот за развој и финасирање на високото образование не ги предлага само МОН туку и ректорската конференција ,од организацијата на работодавачите и студентите сеуште не се добиени предлози од сите учесници за избор на членови на советот.

Програмата за развој на високото образование за периодот 2006–2010 година е донесена од страна на Собранието на Република Македонија во 2005 година, пред стапување во сила на Законот за високото образование во 2008 година и во изминатиот период согласно истата се превземени сите предвидени мерки за успешна имплементација на Болоњската декларација. Имајќи ги предвид важноста на современиот модел за финасирање на високото образование, националната рамка на високообразовните квалификации, интернационализацијата, диверсификацијата, комерцијализацијата на знаењето, регилираните професии и слично, Министерството за образование и наука во рамките на своите надлежности е активен учесник во светските и европските текови на овој план и во подготовката на предлогот на новата Програма за високообразовната дејност ги има предвид сите релевантни стратешки определби. Почнувајки од 2010 година, Министерството за образование и наука и Светската банка интензивно соработуваат во областа на високото образование . Цел на оваа соработка е подобрување на релевантноста , квалитетот и ефикасноста во високото образование. Оваа соработка се одвива во рамките на техничката помош за развој на високото образование, во вкупен износ од 180 000 долари. Во договор со Министерството за образование и наука , за периодот 2010- 2012 приоритет добија следните области :

- Финансирање на високото образование;
- Обезбедување на квалитет во високото образование.

Во однос на финансирањето во високото образование, МОН доби извештај кој вклучува Европски трендови на високото образование, методологија за пресметка на трошоци по студент/ студиска програма, оценка на постојниот модел на финансирање и препораки за подобрување на моделот.По разгледувањето на овој извештај МОН побара од светска банка

дополнителна техничка помош во пилотирање на моделот за пресметка на трошоци по студиска програма , како и помош во изработка на акционен план за фазно подобрување на моделот на финансирање на високото образование.

Пресудна улога во обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование, согласно член 68 од Законот за високото образование има Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Во високообразовните и научно-истражувачките установи, Државниот просветен инспекторат согласно одредбите од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.52/05, 148/09, 57/10 и 51/11), имајќи ја предвид автономијата на високообразовните установи и академската слобода, врши надзор само над примената на законите со кои се уредува високообразовната дејност, па со оглед на тоа, министерството за образование и наука цени дека забелешките за зголемување на бројот на инспекторите за високо образование е ирелевантна за целта на ревизорскиот извештај, односно дека тоа е во директна врска со подобрувањето на начинот на финансирањето на јавното високо образование. Имајќи предвид дека согласно член 69 од Законот за високото образование, Одборот за акредитација и евалуација на високото образование врши процена на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, што се остваруваат преку системот на евалуација и други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на телата што го оценуваат квалитетот на високото образование, Министерството за образование и наука смета дека на извештаите од самоевалуацијата на високообразовните установи како и на евалуацијата на студиските програми и наставниот кадар во ревизорскиот извештај е посветено недоволно внимание а овие активности се далеку порелевантни, имајќи го предвид јавниот интерес, за подобрувањето на начинот на финансирањето на јавното високо образование. Извештаите за самоевалуација на високообразовните установи задолжително би требало да содржат препораки и мерки кон кои височообразовните установи треба да се придржуваат со цел правилно и наменско користење на финансиските средства во насока на зајакнување на компетенциите на наставниот кадар а со самото тоа и кон обезбедување на квалитетни квалификации и вештини на студентите кои со нив се стекнуваат како и за планирање на

активностите кои се поврзани со квалитетот на високото образование.

Министерството за образование и наука смета дека наведените суштински забелешки ќе придонесат кон градењето на реалната слика за финасирањето на високото образование што ќе придонесе кон остварување на неговите цели во создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот.

Со почит,

МИНИСТЕР

м-р Панче Кралев

Доставено до:
- примач
- архива

изготвил: Љупка Димитровска

прегледал: Борчо Алексов

одобрил: м-р Агим Рушити